Трудов се надоврзува на книгите од Франк Волман за драмското творештво на словенскиот југ издадени во 1924–1930 г. во кои тој ја разработи дадената проблематика до втората половина на 20–те години. Но од Волмановите книги трудов се разликува, меѓу другото, по своите методолошки принципи, со општата концепција и со ширината на обработката. Во книгава се разработува развитокот на српскиот, хрватскиот, словенечкиот, бугарскиот и македонскиот театар и драмско творештво во периодот 1918–1941 (евентуално 1944). Таа представува синтеза и до извесна степен го завршува тоа што го започна Франк Волман со своите пионерски трудови.

Составен дел на книгава се излагањата за проникнувањето и рецепцијата на драмските дела од одделните национални литератури на јужните Словени во Чехија и Словакија во меѓувоениот период. Со тоа трудов добива уште една димензија и ги проширува нашите знаења за ориентацијата на чешките и словачките театри и за „успесите и неуспеситe" на одделни автори и одделни дела од српската, хрватската, словенечката и бугарската литература. Меѓувоената македонска драмска литература дотогаш остануваше за чешкиот и словачкиот читател и гледач сосема непозната.

Во книгава директно или индиректно покажав каков беше придонесот на драмското творештво на јунжите Словени и на некои артисти и режисери од словенскиот југ во развојот на чешката и словачката меѓувоена театарска и драмска умертност. Од наведениот материјал произлегува заклучокот дека рецепцијата на драмското творештво на јунжите Словени изразито придонесуваше за подоброто запознавање и за поизразитиот развој на меѓусебните културни и политички врски во наведениот период. Иаку политичката карта на Балканот и на Средна Европа во последните речиси осумдесет години се промени, меѓувоениот развиток на драмата и театарот, кои е предмет на овој труд, покажува дека вистинската култура е неделива и дека таа секогаш придонесуваше за зближувањето на народите.

Врз слични методолошки принципи ќе биде напишан и вториот дел од трудов, во кој ќе стане збор за развојот на драмското творештво и театарот на јужните Словени и за рецепцијата на нивната драмска литература кај Чесите и Словаците во периодот 1945–1989 г.